

## ЖИВЕАЛИШТА

Лилјаците живеат насекаде околу нас. Може да се забележат покрај реки, езера, бари, мочуришта, ливади, пасишта и во шуми. Некои лилјаци се приспособиле на живот и во градовите и селата, каде може да се забележат како ноќно време летаат над парковите, градините или уличните светилки барајќи храна. Лилјаците преку ден се засолнуваат во пештери, напуштени рударски окна, пукнатини во дрвја и карпи, а често и во различни градби.



ЛИВАДИТЕ СЕ ЗНАЧАЈНИ МЕСТА ЗА ИСХРАНА НА ЛИЛЈАЦИТЕ

## ЗАКАНИ ЗА ЛИЛЈАЦИТЕ

Лилјаците се една од најзагрозените групи на животни. Најголемите закани доаѓаат од човековите активности, како непланско сечење на шуми, исушувањето на водни површини, прекумерна употреба на инсектициди, вознемирување на колониите на лилјаците, ловење и убивање. Како резултат на тоа, денес се повеќе се уништуваат природните живеалишта на лилјаците, се намалува бројноста на нивните популации или пак целосно исчезнуваат од одредени подрачја.



РУРАЛНА СРЕДИНА СО СТАРИ КУЌИ ЗА ЗАСОЛНУВАЊЕ НА ЛИЛЈАЦИ

Лифлетот е испечатен како дел од „ПреспаНет Проект III“, спроведен од прекуграничната мрежа „ПреспаНет“ (МЕД-Северна Македонија, SPP-Грција и PPNEA-Албанија), а финансиран од фондациите Преспа-Охрид и Ааге В. Јенсен и поддржан од Еуронатур.



## ТАИНСТВЕНИОТ СВЕТ НА ЛИЛЈАЦИТЕ

Лилјаците се животни од групата цицачи, исто како и кучето, мачката, волкот, лавот, зајакот итн Главна карактеристика им е што тие се единствените претставници од цицачите кои имаа способност активно да летаат.





## РАСПРОСТРАНУВАЊЕ И РАЗНОВИДНОСТ

Во светот денес живеат повеќе од 1400 различни видови на лилјаци, кои се распространети низ целата планета, со исклучок на поларните региони, некои пустини и отворените морски и океански површини. Во Европа се среќаваат вкупно 55 видови, а кај нас во Македонија 30 различни видови на лилјаци. Најголем дел од лилјаците се релативно мали животни со распон на крилјата до 45 цм и тежина која варира од 4 до 27 грама.




## ЕХОЛОКАЦИЈА

Значајна особина на лилјаците е тоа што тие во просторот се ориентираат преку т.н. ехолокација, односно ориентација во просторот со помош на звуци со висока фрекфенција (ултразвуци). Овие звуци, лилјаците ги произведуваат во грлото и ги испуштаат преку носот или устата, патуваат во просторот, се одбиваат од некој предмет или препрека и се враќаат назад како ехо кај лилјакот, и кај него се создава детална и јасна слика за просторот, односно за предметите, пленот, непријателите и препреките околу него. Лилјаците не се слепи и имаат мали и слабо развиени очи.



ТРОБОЕН НОЌНИК



## ИСХРАНА

Најголем дел од лилјаците, вклучително и тие што живеат кај нас во Македонија, се исхрануваат со најразновидни ноќни инсекти, како ноќни пеперутки, ноќни бумбари, комарци, скакулци. Лилјаците се многу важни, тие се природни регулатори на популациите на ноќните инсекти. Да не се тие, би имало премногу комарци и други штетни инсекти околу нас, кои предизвикуваат значителни штети во земјоделството, на шумите или се преносители на многу болести. Еден лилјак може да изеде и до 3000 инсекти за една ноќ, или неколку стотици комарци само за еден час. Лилјаците не се опасни за човекот и не напаѓаат.

## СОЦИЈАЛЕН ЖИВОТ

Лилјаците живеат во колонии, кои може да броја неколку десетици до неколку илјадници единки. Ваквиот начин на живот во колонии има одредени предности. Живеејќи во група, тие се топлат при ладно време и со тоа успешно ја регулираат својата телесна топлина. Друга предност е тоа што младите и неискусни единки учат од постарите како и кога да ги најдат вистинските места за лов.
Од друга страна, животот во групи има и своја цена, односно тие се полесно видливи за предатори и полесно се пренесуваат болести или паразити помеѓу единките.

## ЖИВОТЕН ЦИКЛУС

Лилјаците кои живеат кај нас се активни во топлиот период од годината (од март до ноември). На почетокот на летото, мајката најчесто раѓа едно младенче, кое е голо и слепо, и со големи стапала со кои се припива за телото на мајката. Мајката се грижи за младенчето околу еден месец, по што тоа почнува самостојно да лета и лови инсекти. Во природа лилјаците живеат 10-15 години, а во некои случаи и повеќе од 30 години. Со појавата на првиот студ и намалувањето на достапната храна, за да можат да преживеат, лилјаците се засолнуваат во своите зимски засолништа и паѓаат во зимски сон до првото затоплување во пролетта.



МАЈКА СО МЛАДО

## ЧОВЕКОТ И ЛИЛЈАЦИТЕ

Како резултат на нивниот таинствен начин на живот и недоволното познавање на овие животни, кај луѓето во минатото се создавале многу предрасуди и празноверија кои се причина за непотребен страв и негативен однос кон лилјаците. Во Европа и кај нас, лилјаците ги сметаат како симбол на темнината, злото и вампирите. Сепак, и покрај лошата репутација, луѓето денес се повеќе сфаќаат и се информираат дека лилјаците претставуваат значајна компонента од копнените екосистеми, со што се повеќе и повеќе се демистифицираат и заштитуваат на глобално ниво.